ВЛАДА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА
– Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на земјод., шумар. водостопанство и ветеринарство

07/20
07.02 20

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

( Образец ПП……)

До ----------------------------------------------------------
(имател на информацијата)

| Примено: Pranuar: | 07 02 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилози Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005- | 201/1 | | |

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Увид во архивата за времени исплати по решение од Влада на С.Македонија и тоа Уп.17/3 Уп.бр. 17/4 од 24.10.2005г и Уп.бр. 17/4 од 14.03.2006г.

(опис на информацијата која се бара)

Информациите да ги добиеме во законски рок

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго----------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон [redacted]
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго----------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:-- [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во--07.02.2020 Штип

ВИНТЕКС

Датум--07.02.--201 2020---година
Скопје

Систем за управување со квалитет
4-3.3-1/1 Барање за пристап до информации од јавен карактер

[redacted]

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 27.02.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera: |
| 1005 | 201/3 | | |

Арх. знак Shenja arkivore ____________
Рок на чување Afati i ruajtjes ____________
____________ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
____________

Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во

управна постапка и постапка од работен

однос во втор степен

Предмет – Дополнување на барањето во врска со наш број 0302-581/1 од 04 12 2019

Во врска со вашето писмо под ваш архивски број 1005-201/2 од 25.02.2020 ќе се обидеме да бидеме поконкретни за да можете да ни помогнете имено се работи за два долгорочни договори склучени со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа договор бр. 02-13480/1 од 03.11.2004 и договор 02-13255/1 од 03.11.2004.

Владата на Република Македонија донесува заклучок на ден 17.03.2005 под бр. 19-1004/1 и одлука бр. 02-3503/1 и одлука бр. 02-3505/1 од 05.04.2005 и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува две решенија за двата договори за раскинување заведени под арх. Броеви 02-3503/9 од 07.04.2005 и решение за раскинување на договорот под број 02-3505/2 од 07.04.2005.

Во законски рок поднесовме две жалби до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кои жалби беа одбиени и потоа поднесовме тужби до тогашниот Врховен Суд на Р. Македонија.

Со горе наведеното објаснување мислиме дека ќе ви помогнеме а воедно бараме и тоа –

1. записникот од одржаната седница на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на 24.10.2005 со наш увид или фотокопија од записникот од таа седница.

2. бараме увид или фотокопија на примени жалби по решенија под ваш Уп. Бр. 17/3 и Уп.бр. 17/4 од 24.10.2005

3. објаснување во врска со вашето писмо од 14.03.2006 а по барање на Врховниот суд пишувате дека во Уп.бр. 17/4 се наоѓа предметот Уп.бр. 17/3 што не е вистина.

До колку не ни овозможите да ги искористиме нашите права што ги дава законот за пристап на информации од јавен карактер врз основа на член 4 став 13 пропишани во службен весник на Р. Северна Македонија ќе бидеме приморани да побараме пристап до овие информации по судски пат.

За сите информации контакт телефон 078/210-101 Тодор

26.02.2020

[redacted]

Scanned with CamScanner

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

27.02.2020 година

**Архивски број:** 1005-201/4

Врз основа на член 40 став 7 од Законот за општа управна постапка ( „Службен весник на РМ" бр.145/15) и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („ Службен весник на РСМ" бр.101/19), а во врска со член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-201/1 од 25.02.2020 година и дополнувањето на барањето со наш број 1005-201/3 од 27.02.2020 година поднесени од [redacted] **СЕ ОТФРЛААТ ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**Образложение**

На ден 07.02.2020 година од страна на [redacted] до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст Државна комисија) доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-201/1.

Во барањето е наведено дека [redacted] од имателот на информација од јавен карактер, во овој случај Државната комисија, бара увид во архивата за примени жалби по решеније од Влада на РСМ и тоа: Уп.бр.17/3, Уп.бр.17/4 од 24.10.2005 година и Уп.бр.17/4 од 14.03.2006 година. Формата во која ја бара информацијата е увид и фотокопија, а начин на доставување по телефон.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија до барателот достави Известување за дополнување на барањето со наш број 1005-201/2 од 25.02.2020 година по електронски пат и по пошта.

Во известувањето е наведено дека од барањето не може да се утврди во што конкретно бара [redacted] да изврши увид, како и од што бара фотокопија. Притоа, е појаснето дека во архивата и писарницата на Државната комисија се водат повеќе уписници ( околу 15 на број) во кој се заведуваат предмети од повеќе области. Досегашниот број на предмети кои се заведени во архивата и писарницата на Државната комисија од основањето до денес го надминува бројот од 45.000 предмети.


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Поради тоа, Државната комисија се обрати до барателот со барање за дополнување на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер во насока на појаснување во што конкретно сака да изврши увид и од кои списи бара фотокопија.

Од страна на барателот [redacted] по електронски пат доставено е дополнување на барањето и истото во Државната комисија е заведено на ден 27.02.2020 година под број 201/3. Во појаснувањето е наведено дека Владата на РМ донесува заклучок на ден 17.03.2005 година под број 19-1004/1 и одлука бр.02-3503/1 и број 02-3505/1 од 05.04.2005 година од 05.04.2005 и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесол две решенија за двата договори за раскинување заведени под арх.броеви 02-3503/9 од 07.04.2005 и решение за раскнување на договорот под број 02-3505/2 од 07.04.2005 година.

Во законскиот рок поднесле две жалби до Државната комисија, кои биле одбиени и потоа биле поднесени тужби до тогашниот Врховен суд на РМ.

Притоа, [redacted] објаснува дека го дополнува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и бара:

1. Записник од одржаната седница на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 24.10.2005 година со увид или фотокопија од записникот од таа седница;
2. Бара увид или фотокопија на примени жалби по решенија под наш број Уп.бр.17/3 и Уп.бр.17/4 од 24.10.2005 година;
3. Објаснување во врска со наше писмо од 14.03.2006 година, а по барање на Врховен суд каде е наведено дека во предметот со број Уп.бр.17/4 се наоѓа и предметот со број 17/3.

Постапувајќи по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-201/1 од 07.02.2020 година и дополнување на барањето со наш број 1005-201/3 од 27.02.2020 година, Државната комисија донесе одлука истите да се отфрлат поради ненадлежност.

Имено, Државната комсија започна со работа со именување на првиот состав на комисијата во месец ноември 2011 година. Со прием на предмети започна на ден 01 јануари 2012 година.

Имајќи го предвид овој факт произлегува дека жалбите по решенија со наш број Уп.бр.17/3 и Уп.бр.17/4 не може да бидат доставени до Државната комисија, Поради тоа, не може да Ви се дозволи увид или фотокопија на примени жалби по решенија со наш број Уп.бр.17/3 и Уп.бр.17/4 од 24.10.2005 година.

Исто така, во Државната комисија не е изготвен записник од седница на комисијата одржана на ден 24.10.2005 година, ниту пак од страна на комисијата е доставено писмо до Врховен суд од 14.03.2006 година.

При постапување по барањето за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија го имаше предвид и член 40 став 7 од Законот за општа управна постапка, каде е наведено дека кога јавниот орган ќе добие по пошта или по електронски пат поднесок за чиј прием не е надлежен, а е несомнено кој јавен орган е надлежен за прием, без одлагање поднесокот ќе му го препрати на надлежен јавен орган, односно на судот на начин на кој го примил и за тоа ќе ја извести странката. Ако јавниот орган што го добил поднесокот не може да утврди кој јавен орган е надлежен за работа по поднесокот, без одлагање ќе

донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност и актот веднаш ќе го достави до странката.

Исто така, во член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е наведено дека ако имателот на информацијата не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата. Во овој случај од содржината на барањето, Државната комисија не може да утврди кој е имател на бараната информација и поради тоа, барањето за пристап до информации од јавен карактер не може да го проследи до надлежен орган.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисја одлучи како во диспозитивот на Решението.

Правна поука: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

*Изготвил: Наталија С. Филипова*